Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), општина Богданци, на ден 10.2022 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, Општина Богданци, која се носи согласно членот 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Богданци, www.bogdanci.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, за КП 3239/1; дел од КП 3240; дел од КП 3241; дел од КП 3242; дел од КП 3242/1; дел од КП 3242/2; дел од КП 3242/3; КП 3242/4; и дел од КП 3249 КО БОГДАНЦИ-ВОНГРАД, Општина Богданци, нема да има негативно влијание врз животната средина од причини што целта на планот е :

Насочување на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на површини со конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија. Воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба. Овозможување на услови за градба на објект, кои пак ќе овозможат позитивни ефекти со својата функција врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, а со тоа и создавање на услови за

на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија) , а преку воведување на алтернативни извори на енергија и овозможување на заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11-814/14
Датум: 10.10.2022
Место: Богданци

Име и презиме
**Градоначалник**

**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
БОГДАНЦИ
ОПШТИНА БОГДАНЦИ